**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ**

# Регионална работилница за Југоисточна Европа: Мониторинг на затворите и заштита на човековите права при спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (НЕРВТ) во затворите

**Сараево, Босна и Херцеговина – 13-14 септември 2023**

**Ноември 2024**

# Регионална работилница за Југоисточна Европа: Мониторинг на затворите и заштита на човековите права при спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (НЕРВТ) во затворите

## Содржина

I. ВОВЕД ........ 1
II. Резиме На Работилницата........ 2
Сесија 1: Поставување на рамката - Зошто независниот мониторинг на затворите е важен за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите?........ 3
Сесија 2: Практики и пристапи - Спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите ........ 4
Сесија 3: Главни предизвици за човековите права во спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа........ 8
Сесија 4: Мандат, практики и пристапи за следење на состојбите во затворите........ 10
Сесија 5: Предизвици и добри практики во мониторингот на заштитата на човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа ........ 12
Сесија 6: Препораки за зајакнување на независниот мониторинг на затворите за заштита на човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа ........ 14
III. Заклучоци и Клучни Препораки ........ 15
Анекс: Агенда........ 19

## I. Вовед

На 13-14 септември 2023 година, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР), во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина (ОМБиХ), организираше регионална средба во Сараево, Босна и Херцеговина, насловена како „*Мониторинг на затворите и заштита на човековите права при спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (НЕРВТ) во затворите: Регионална работилница за Југоисточна Европа*“. На средбата присуствуваа претставници на релевантни тела, национални структури за човекови права и граѓанското општество од земјите во Југоисточна Европа со теренски операции на ОБСЕ, како и експерти и партнери од ОБСЕ и други меѓународни организации. Тие водеа дискусии и разговараа за бројни прашања поврзани со човековите права што произлегуваат при спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ во контекст на затворите и како овие прашања може да се решат во пракса.

Во овој контекст, на регионалната работилница се потенцираше суштинската важност на независниот мониторинг на затворите и на зголемениот надзор, како начини да се обезбеди засилена заштита на правата на лицата лишени од слобода, истовремено спречувајќи и ефикасно спротивставувајќи се на НЕРВТ во затворите. ОДИХР, исто така, на настанот ги промовираше преводите на албански и на босански јазик на публикацијата на ОДИХР и Меѓународната казнена реформа (МКР), *Заштита на човековите права во затворите при спречување на радикализацијата што доведува до тероризам или насилство: Водич за набљудувачите на состојбите во затворите* (во натамошниот текст: Водич на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите)[1]. Водичот покажува како преку зајакната заштита на човековите права во затворите може да се намалат ризиците од радикализација што води кон тероризам. Детално се разгледуваат голем број специфични области на ризик за човековите права, во однос на мерките што државите, или поконкретно затворските власти, ги преземаат во врска со *затворениците (за кои се претпоставува дека се) насилни екстремисти*[2] и заради спречување на ширењето на НЕРВТ во затворите. Покрај тоа, водичот обезбедува насоки и поддршка на независните набљудувачи на затворите, во насока на проценка на импликациите на таквите мерки врз човековите права.

Од аспект на постигнувањето резултати, регионалната работилница имаше за цел да се идентификуваат различните предизвици на национално и регионално ниво, кои постојат во врска со овие различни области на дискусија, и да се формулираат клучни препораки со цел да се промовираат стратегии и пристапи засновани на човековите права, а кои се

[1] Публикацијата е достапна на албански, босански, англиски, француски и руски јазик: ОДИХР, Заштита на човековите права во затворите при спречување радикализација која води кон тероризам или насилство: Водич за набљудувачите на состојбите во затворите, 15 јули 2021, https://www.osce.org/odihr/492934.

[2] Терминот *затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти* во *Водичот на ОДИХР/МКР* не подразбира хомогена група, туку може да се однесува на затвореници кои се осомничени или осудени за дела поврзани со тероризам, како и оние кои, без оглед на делата за кои се затворени, се перципирани дека се поврзани со терористички или насилни екстремистички групи во затворот или се сметаат за „лица во ризик“ или ранливи лица, кои можат да бидат вовлечени во НЕРВТ. Види*: ОДИХР/МКР Водич за набљудувачите на состојбите во затворитеs*, стр. 11.

однесуваат на прашањето за НЕРВТ во затворите. Овој извештај за постигнати резултати содржи куси информации за регионалната работилница, резиме на главните точки на дискусија во рамките на секоја сесија, како и преглед на клучните препораки што произлегоа од настанот.

**Заднина**

ОДИХР ја организираше регионалната работилница во рамките на своите тековни активности во областа на човековите права, антитероризмот и спречување на тортурата, и како дел од повеќегодишниот проект за зајакнување на заштитата на лицата лишени од слобода во регионот на ОБСЕ. Како дел од проектот, Канцеларијата одржа две регионални работилници во различни делови од регионот на ОБСЕ, за да се унапреди дијалогот помеѓу креаторите на политики, практичарите и набљудувачите на состојбите во затворите, со цел да се подигне свеста за важноста на независниот мониторинг во затворите, во контекст на спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ[3]. Надоврзувајќи се на овие работилници, ОДИХР подготви практична обука за независните набљудувачи на затворите, според *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите*, за да се градат капацитетите за систематска анализа и оценка на различните прашања за човековите права, што може да се појават при спречување и спротивставување на радикализацијата што води кон насилство во затворите. ОДИХР досега спроведе обука преку три наменски курсеви за набљудувачите во затворите од неколку земји во Централна Азија, Југоисточна Европа, Европската Унија и други држави[4]. Во иднина се предвидени курсеви за обука и во други земји-членки на ОБСЕ.

## II. Резиме На Работилницата

На регионалната работилница во Сараево присуствуваа 71 учесник од земјите во Југоисточна Европа со теренски операции на ОБСЕ[5], со различно професионално искуство, вклучително и чинители од државните органи и од граѓанското општество на национално ниво. Учесниците беа претставници на релевантни државни органи (вклучително и од министерствата за внатрешни работи, за безбедност и правда, како и претставници на затворските служби), на различни механизми за човекови права и надзор во затворите, односно, канцелариите на Народниот правобранител/Националните институции за човекови права (НИЧП) и Националните превентивни механизми (НПМ) според

---

3 Како надополнување на оваа работилница, види: https://www.osce.org/odihr/547939. ОДИХР, заедно со МКР, одржаа и вебинар на кој беше претставен францускиот превод на Водичот за набљудувачи на состојбите во затворите, за државите-членки од француско говорно подрачје, партнерите на ОБСЕ за соработка и пошироко, види: https://www.osce.org/odihr/569775.

4 Види: https://www.osce.org/odihr/556932, https://www.osce.org/odihr/563139 и https://www.osce.org/odihr/570930.

5 Од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, како и од Косово (Не постои консензус меѓу земјите-членки на ОБСЕ за статусот на Косово и затоа Организацијата нема став по ова прашање. Сите референци за Косово, без разлика дали се однесуваат на територијата, институциите или на населението, во овој текст треба да се разберат во целосна согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации 1244).

Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ООН против тортура (ОПКАТ), како и набљудувачи од граѓанскиот сектор. Со оглед на релевантноста на темата на глобално ниво, свој придонес во размената на информации дадоа и други меѓународни претставници и експерти. Меѓу нив имаше претставници на МКР, Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДК), Меѓународната организација за миграција (ИОМ), Поткомитетот на ООН за спречување тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување (СПТ), Советот на Европа, вклучувајќи го и Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување (КПТ), Европската унија (ЕУ), како и на теренските операции на ОБСЕ, Секретаријатот на ОБСЕ и ОДИХР[6].

Со цел да се олесни интерактивна и динамична дискусија, настанот беше составен од шест сесии, предвидени како комбинација од пленарни сесии и работа по групи. На пленарните сесии беа вклучени куси презентации од меѓународни и национални експерти, како и сесии за прашања и одговори и отворена дебата, додека во рамките на работата по групи учесниците беа поделени за да соработуваат во помали групи. Со оглед дека за настанот беше дефиниран географскиот фокус, тоа овозможи енергична размена на информации и искуства од регионот на Југоисточна Европа, со придонес од меѓународни експерти и други соработници. Прегледот на агендата за работилницата е даден во Анексот на овој извештај за постигнатите резултати. Настанот се одржа според Чатам хаус правилата (Chatham House Rule)[7], и истите се применети и за овој извештај за постигнатите резултати.

**Сесија 1: Поставување на рамката - Зошто независниот мониторинг на затворите е важен за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите?**

На првата сесија на работилницата беше презентиран *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите*, со цел учесниците да се запознаат со публикацијата и да се постави теренот за работилницата. Следејќи ја дводелната структура на Водичот, беше нагласена релевантноста на независниот мониторинг на состојбите во затворите, како и главните прашања во делот на човековите права, поврзани со НЕРВТ во затворите. Покрај тоа, беше направен преглед на четирите „области на ризик за човековите права“ од Водичот, вклучувајќи ги (1) класификацијата, проценката на ризикот и потребите на затворениците; (2) затворскиот режим; (3) програмите за рехабилитација и реинтеграција; и (4) институционалните и кадровските прашања.

Понатамошната дискусија потврди дека заштитата на човековите права, како внатре, така и надвор од затворите, се чини дека често е подредена на безбедносните прашања, особено во однос на борбата против тероризмот. Промената на фокусот, од терминолошки аспект, од тероризам кон насилен екстремизам и недореченоста на концептот за НЕРВТ,

[6] Претставниците на СЕ и УНОДК својот придонес го дадоа преку онлајн обраќање.

[7] Кога состанок, или дел од состанокот се одржува според Чатам Хаус правилата, учесниците можат слободно да ги користат добиените информации на тој состанок или на дел од состанокот, при што ниту идентитетот, ниту припадноста на говорникот (говорниците), ниту на кој било друг учесник, не се открива.

дополнително имаат влијание врз човековите права на луѓето лишени од слобода[8]. Затоа, затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, се изложени на зголемен ризик од повреда на човековите права. Неколку учесници истакнаа дека недостатокот на почитување на човековите права на затворениците, исто така, во поширока смисла, создава услови погодни за НЕРВТ. Меѓу останатите меѓусебно поврзани или тесно поврзани услови што придонесуваат кон НЕРВТ во затворската средина, спаѓаат и корупцијата во затворите; недостатокот на безбедност во затворите; тортурата и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување; лошите затворски услови и пренаселеноста; како и претставките за примена на непропорционални, дискриминаторски или произволни мерки за ограничување и други безбедносни мерки во затворите.

Исто така, неколку учесници истакнаа дека заштитата на човековите права во спречувањето и борбата против НЕРВТ во затворите треба да се гледа холистички во поширок контекст на системот на кривичната правда, вклучително и пред притворот или осудувањето, за време на престојот во затворите и по ослободувањето. Особено беше нагласена важноста и неопходноста од пристапи кои се во согласност со човековите права, во делот на рехабилитација и реинтеграција на затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти.

Во текот на дискусијата беше нагласена клучната улога на набљудувачите на состојбите во затворите, вклучително и на НИЧП, НПМ и граѓанските организации (ГО), во поглед на обезбедување целисходен надзор на мерките и програмите за спречување и борба против тероризмот и НЕРВТ во затворите. Со надворешниот надзор, преку работата на набљудувачите на состојбите во затворите, може да се обезбеди дека со мерките за спречување и борба против тероризмот и НЕРВТ не се врши повреда на правата на притворениците и затворениците. Дополнително, беше истакнато и дека набљудувачите се од клучна важност кога станува збор за информирање на пошироката јавност за ваквите мерки во затворите и за влијанието на овие мерки врз правата на затворениците. Важно е и дека дијалогот меѓу набљудувачите на состојбите во затворите и властите, може да биде во прилог на подготовката на мерки во согласност со човековите права, коишто можат и да ги зајакнат правата на затворениците и да помогнат во поефикасно справување со ризикот од радикализација што води кон тероризам и регрутирање во насилни екстремистички групи во затворите. Овие клучни точки беа во неколку наврати спомнати во текот на дводневната работилница.

### Сесија 2: Практики и пристапи - Спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите

Во текот на втората сесија, различни експерти ги споделија своите професионални искуства во однос на практиките и пристапите за спречување и спротивставување на

[8] За концептуалните предизвици поврзани со недостатокот на универзално прифатени дефиниции за тероризмот и насилниот екстремизам и разликата помеѓу „екстремизмот“ како правен концепт во контекст на кривичното законодавство и НЕРВТ како концепт на политики, види: *ОДИХР/МКР Водич за набљудувачите на состојбата во затворите,* стр. 8 и 16-17.

НЕРВТ во затворите. Сесијата ја отворија тројца меѓународни говорници, по што следеа четири презентации од Југоисточна Европа. Од оваа дискусија произлегоа неколку клучни аспекти, кои беа групирани во зависност од темата.

Општо земено, беше истакнато дека се чини дека затворениците ( за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, не претставуваат поголем процент од целата затворска популација во Југоисточна Европа. Во исто време, беше истакнато дека има многу различна затворска популација во затворите низ регионот, вклучително и во однос на видот на казните, што ја нагласува важноста за индивидуализирана проценка на ризикот и потребите, заради соодветна класификација и сместување на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти во посебен безбедносен режим и во насока на заштита на нивните човекови права.

Доброто управување со затворите беше идентификувано дека е од суштинска важност за сузбивање на радикализацијата што води кон тероризам во затворите, вклучително и преку намалување на пренаселеноста на затворите, справување со корупцијата, обезбедување на соодветно ниво на екипираност и редовни обуки, како и подобрување на работните услови за затворскиот персонал, како што е утврдено и во *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите.* Исто така, учесниците истакнаа дека затворските власти треба да постапуваат и по другите потенцијални приговори во затворот, што може дополнително да доведат до радикализација која води кон тероризам. Исто така, беше истакнато дека пристапот кој вклучува повеќе засегнати страни во спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите, се има покажано како најефикасен. Затоа, во активностите треба според потребите да се вклучат различни владини, невладини и меѓународни чинители.

За време на дискусиите, се истакна дека задолжително треба да се спроведува соодветна класификација и проценка на ризикот и потребите на затворениците, со цел да се избегне непотребно или претерано рестриктивен режим на обезбедување. Понатаму, соодветната класификација на поединците, би можела да придонесе за најефикасно распоредување и сместување во затворите, на пр., од аспект на управувањето со затворите, за да им се обезбеди пристап на затворениците до мерките за дерадикализација и откажување од насилен екстремизам во затворите, додека нивните специфични потреби, како што се социјални, правни, здравствени и потреби за рехабилитација и реинтеграција, да се задоволени. Сеопфатната и индивидуализирана проценка на ризикот и потребите, се смета дека се клучни, особено кога се во прашање затвореници ( за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти. Според учесниците од регионот, затворските служби во неколку земји имаат подготвено алатки за проценка и биле одржани обуки за персоналот за користење на алатките, често со поддршка на меѓународни организации. Сепак, учесниците истакнаа дека е потребен поефикасен и индивидуализиран преглед на затворениците, за да се идентификуваат лицата кои се ранливи на НЕРВТ или кои можат активно да ги радикализираат другите кон тероризам.

Според дискусијата, рехабилитацијата и реинтеграцијата на затворениците ( за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти и натаму е предизвик во повеќето земји од

регионот. Постојните програми за активностите вклучуваат работа, обука, образование, спорт и рекреација, иако нивниот опсег и достапност значително се разликуваат од земја до земја. Во некои случаи, програмите за затворската популација генерално или особено за затвореници кои се насилни екстремисти, целосно недостасуваат или се ограничени на основни интервенции. Беше забележано дека фокусот треба повеќе да се насочи на сеопфатни краткорочни, среднорочни и долгорочни програми за рехабилитација и реинтеграција. Тие треба да вклучуваат рана подготовка за ослободување, поддршка веднаш по ослободувањето, како и подолгорочно следење, вклучително и кога станува збор за затвореници насилни екстремисти и таканаречените „странски терористички борци“ (СТБ). Учесниците изнесоа став дека соодветните проценки на ризикот и потребите, треба да бидат основа за тоа дали и какви програми за рехабилитација и реинтеграција, во контекст на НЕРВТ, ќе им се понудат на затворениците. Дополнително беше ставен акцент на потребата од доброволно учество во такви интервенции, како и на холистички и мултидисциплинарен пристап во нивното спроведување, со вклученост на разни дисциплини и професионалци.

Во однос на рехабилитацијата и реинтеграцијата, беше истакнато дека насочените интервенции за затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, одиграле клучна улога и генерално може да се поделат на програми за дерадикализација или откажување од насилен екстремизам кој води кон тероризам[9]. За време на сесијата, се разговараше и за соодветните предности на интервенциите за одвраќање и дерадикализација во затворите и дали едниот пристап е подобар од другиот. Неколку учесници изразија загриженост дека интервенциите за дерадикализација, кои имаат за цел да ги променат специфичните религиозни убедувања на затворениците, би можеле да ги нарушат меѓународно заштитените човекови права на слобода на вероисповед или верување, како и слободата на мислење и изразување[10]. За споредба, програмите за одвраќање од насилен екстремизам и радикализација, се смета дека се обид за спречување или промена на релациите на една личност со одредена група, кауза или идеологија, каде се смета дека насилството е оправдано за да се постигнат сопствените цели, наместо да се менуваат нечии верувања. За време на настанот, ова прашање беше истакнато во неколку наврати.

Покрај тоа, беше потенцирана и важноста на давањето одговори на НЕРВТ со мерки без изрекување затворска казна и алтернативни мерки, во насока на избегнување на затворската казна, кога за тоа постои можност. Учесниците, исто така, истакнаа дека предвремениот или условен отпуст и пробациските служби, имаат важна улога во

[9] Поимите не секогаш доследно се користат во пракса и има тековна дебата за тоа дали интервенциите треба да се фокусираат на едниот или на другиот концепт, или наместо тоа да вклучуваат елементи од двата концепти, што покренува суштински прашања за човековите права. За повеќе информации и краток опис на концептите, види: *ОДИХР/МКР Водич за набљудувачите на состојбите во затворите, стр. 77-80*.

[10] Програмите за дерадикализација обично се однесуваат на сузбивање конкретни толкувања, ставови или аргументи (засновани на политички, верски или други идеологии) врз кои се базираат верувањата и ставовите што се користат за да се оправда употребата на екстремистичко насилство. Доколку со тие мерки затворениците се принудуваат да ги променат своите верувања или религија, тие се спротивни на правото за човекови права.

поддршката за рехабилитација и реинтеграција. Сепак, се чини дека такви инструменти се генерално недоволно развиени и користени во регионот.

Во неколку земји се воведени програми за обука на затворските и пробациските служби во врска со НЕРВТ, во кои се опфатени разновидни теми. Во нив е опфатена обука за индикаторите за таканаречените „рани знаци на радикализација“[11] и факторите што доведуваат до „поттикнување“ (push) и „привлекување“ (pull) кон НЕРВТ, како и целокупната превенција на оваа појава во затворите. Подготвени се и програми за обука на затворските и пробациските служби во врска со рехабилитацијата и реинтеграцијата на затворениците, иако сѐ уште на недоволно систематска основа. Беше нагласена и потребата од поголемо инвестирање во обуки за персоналот, вклучително и во однос на импликациите за човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ и примената на проценка на ризиците и потребите низ регионот.

Во однос на СТБ, учесниците информираа дека одредени програми веќе се спроведени или се во процес на изработка низ регионот, кои имаат за цел да се олесни нивното враќање и враќањето на членовите на нивните семејства. Програмите се составени од различни компоненти, вклучувајќи и подготовки за нивно враќање, гонење и казнување на СТБ во одредени случаи, како и реинтеграција на членовите на нивното семејство во општеството. Учесниците ја истакнаа потребата да им се обезбедуваат целисходни активности на осудените СТБ во затворите, за да се унапреди нивната рехабилитација и реинтеграција во општеството. Тие исто така истакнаа дека во програмите на национално ниво треба да се води сметка и за избегнување на стигматизација во општеството на вратените СТБ и на членовите на нивните семејства.

Во текот на втората сесија беа дискутирани и други прашања. Неколку говорници истакнаа дека е клучно државниот одговор на насилниот екстремизам и тероризам секогаш треба да биде во согласност со меѓународните обврски за човекови права. Тие нагласија дека националното законодавство кое се однесува на борбата против тероризмот не треба да биде премногу општо, и дека мерките за спречување и спротивставување на НЕРВТ не смеат да ги кршат меѓународно заштитените права на слободата на вероисповед или верување, слободата на мислење и изразување, како и други права. Покрај тоа, учесниците информираа дека се подготвени и усвоени национални стратегии и акциски планови за борба против насилниот екстремизам и тероризам низ регионот и дека се формирани соодветни координативни тела. Беше изразена загриженост дека повеќето од овие документи и механизми, фокусот го ставаат на насилниот екстремизам и тероризам, кои се вршат во име на религијата (на пример, исламот), а не на другите начини на кои се манифестираат овие појави (како што е крајно десничарскиот екстремизам).

[11] Во регионот на ОБСЕ, се чини дека постои сѐ поголемо потпирање на раните знаци или индикатори на НЕРВТ, како основа за проценка на ризикот и потребите. Властите треба да бидат внимателни да не се користат поедноставени модели и да бидат свесни за нивното потенцијално влијание врз човековите права. Доколку кај одреден затвореник се идентификувани еден или повеќе индикатори, тоа може да биде знак дека е радикализиран до одреден степен на насилство, што не значи и дека ќе се вклучи во насилен екстремизам. Види за пример: *ОДИХР/МКР Водич за набљудувачите на состојбите во затворите,* стр. 37.

**Сесија 3: Главни предизвици за човековите права во спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа**

Третата сесија беше една од двете главни интерактивни работни сесии на работилницата. Целта беше да се идентификуваат главните предизвици за човековите права во спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа. По прегледот на темата од страна на воведничарот за сесијата, учесниците беа поделени во работни групи. Секоја од групите се осврна на избрани предизвици и добри практики од нивните земји или во регионот.

*Идентификација на затвореници „ранливи“ на НЕРВТ - класификација, проценка на ризик и потреби*

Во дискусиите по групи беше истакнато дека се преземени неколку иницијативи во регионот, често со поддршка на меѓународни организации, за да се спроведе преглед за групи на ранливи затвореници, вклучувајќи ги и затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, по нивниот прием во затворот, со цел да се класифицираат во согласност со ризиците и нивните потреби. Намерата е преку овие проекти да се развијат посебни алатки за проверка и проценка на ризикот и потребите и да се обучи затворската служба и другиот кадар од областа на кривичното право за спречување на НЕРВТ. Учесниците идентификуваа дека е постигнат различен степен на развој во оваа сфера, при што во една земја е воведена пилот алатка за проценка на ризиците и потребите, додека во друга земја е развиена алатка за проценка на ризиците и потребите, но сѐ уште не е тестирана во пракса. Во други средини, затворските власти користеле различни индикатори, често во форма на прашалник, за да го утврдат општиот ризик и потребите на затвореникот.

Дел од одлучувачките фактори за таквите алатки се сметаат за проблематични, бидејќи во нив е вклучено не само извршеното кривично дело и која било воочена промена во животниот стил или однесувањето, туку и како и пристапуваат затворениците на религијата, што може да го попречи нивното право на слобода на вероисповед или верување. Покрај тоа, некои учесници истакнаа дека при проценката на ризикот и потребите, недостасуваат индикатори соодветни на родот и возраста и нагласија дека таквата проценка треба да се врши на индивидуална основа. Исто така, учесниците изразија загриженост дека затворениците немаат рутински пристап до нивните досиеја за проценка на ризикот и потребите и не знаат како да ги оспорат одлуките. Друг проблем се однесува на недостатокот на специјализирани затворски одделенија и квалификуван затворски персонал што ќе ги спроведува проценките за ризикот и потребите, како и на недостаток на специјализирани обуки за персонал.

*Посебен затворски режим и мерки на безбедност за затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти*

Дискусиите по групи покажаа дека постојат различни казнени практики во земјите и јурисдикциите низ Југоисточна Европа, во однос на одвојувањето и интеграцијата на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти од и во пошироката

затворска популација. Во некои земји, затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти не се посебно одвоени, туку се сместени со останатата затворска популација. Онаму каде што се користи одвојување, затворениците се концентрирани во една или повеќе казнени установи. Во одредени случаи, затворениците, наводно, биле подложени на далекусежни мерки на безбедност, вклучувајќи и 24-часовен аудиовизуелен надзор и строги ограничувања и целосно следење на нивниот контакт со надворешниот свет, а тоа создава загриженост кај учесниците. Сепак, не беа изнесени конкретни ограничувања на можностите на затвореникот да комуницира со својот правен застапник, со НПМ или со меѓународните тела за следење на состојбите во затворите.

Учесниците дискутираа и дека е важно на затворениците во услови на висока безбедност, да им се обезбеди можност да преминат кон помалку рестриктивен режим, согласно на најдобрата казнена пракса. Иако некои учесници опишаа примери за затвореници насилни екстремисти кои чекор-по-чекор напредувале кон помалку рестриктивни затворски услови, се искажа загриженост дека во некои земји во регионот оваа можност, се чини, постои само на хартија.

*Достапноста на мерки за рехабилитација и реинтеграција за затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти*

Од групните дискусии произлегоа и сличностите и разликите во однос на мерките за рехабилитација и реинтеграција низ регионот. Во одредени земји, не постојат наменски програми за затвореници насилни екстремисти или таквите програми се само делумно развиени. Во овие случаи, граѓанските организации се клучни актери за спроведување на ваквите програми. Во други контексти, развиени се програми со поддршка на некоја меѓународна организација, кои вклучуваат специфични политики за периодот пред и периодот после отпустот на затвореници насилни екстремисти. Во земјите каде што веќе има воспоставени општи програми за рехабилитација и реинтеграција, тие се спроведуваат во соработка со социјални работници и граѓански организации. Сепак, како дел од главните предизвици, во овој поглед беа спомнати севкупниот недостиг на соодветни финансиски ресурси и обучен кадар. Групите генерално препознаа дека се потребни повеќе напори за рехабилитација на затворениците и нивно подготвување за отпуст.

Онаму каде што се достапни, мерките за рехабилитација и реинтеграција во затворите, за затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти вклучуваат, меѓу другото, можности за рекреативна и стручна обука, вработување и психолошко советување, делумно со вклученост на проверени претставници на верски организации (т.е., првенствено имами). Во некои случаи, беше кажано дека затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти имаат малку можности во однос на активностите надвор од ќелијата, освен ограничени можности за вработување. Некои учесници изразија загриженост заради недостатокот на специјализирани програми и обука за затворениците осудени за дела поврзани со тероризам и насилен екстремизам, кои се сметаат за важни во насока на подготовка на овие затвореници за ослободување. Беше нагласено дека учеството на затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти во програмите за

рехабилитација и реинтеграција, треба да биде доброволно и врз основа на нивна информирана согласност.

Покрај тоа, при дискусијата беше истакнато дека понекогаш осудените затвореници за насилен екстремизам не сакаат или одбиваат да се вклучат во интервенциите. Исто така, има малку материјални стимулативни мерки за учество во ваквите интервенции. Дополнително, како причини за таквата неподготвеност од нивна страна беа наведени и стравот што го чувствуваат дека ќе бидат индоктринирани за време на интервенциите за дерадикализација, дека разузнавачките и агенциите за спроведување на законот ќе ги искористат информациите против нив, и дека другите затвореници ќе ги перципираат како доушници. Во дискусиите, исто така, се истакна и потенцијалната повреда на правото на слобода на вероисповед или верување и слободата на мислење и изразување преку применетите програми за дерадикализација.. Беше истакнато дека со некои интервенции за затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, акцентот се става на промената на (верските) убедувањата наспроти менувањето на насилничкото однесување на затворениците, покренувајќи ја гореспоменатата загриженост за човековите права, исто така наведена и во *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите*.

Освен тоа, се смета дека пробациските служби во регионот се недоволно развиени и искористени и дека е невообичаено предвремено да се ослободуваат затворениците осудени за насилен екстремизам. Во врска со ова беше спомената неодамнешна иницијатива на една меѓународна организација, за поддршка на земјите во регионот во насока на подобрување на постказнените процеси за поддршка и зајакнување на улогата на пробациските служби и сродните агенции.

Во текот на понатамошната пленарна дискусија, беше изразена загриженост и поради практиката на одземање на државјанството на затворениците осудени за насилен екстремизам, особено на вратените СТБ, кои се чини дека се во пораст во последните години. Учесниците истакнаа дека националните структури за човекови права и граѓанските организации, би можеле да одиграат клучна улога во решавањето на ова прашање, потенцирајќи ги сериозните импликации од соодветните закони, политики и практики врз човековите права.

### Сесија 4: Мандат, практики и пристапи за следење на состојбите во затворите

Во текот на четвртата сесија, неколку меѓународни и национални набљудувачи на состојбите во затворите, ги споделија своите искуства и ставови во врска со мандатот, практиките и пристапите за следење на состојбите во затворите. Увид во меѓународните перспективи дадоа претставници на ППТ на ООН, КПТ на Советот на Европа[12] и НПМ од Западна Европа, додека искуствата на национално ниво беа споделени од страна на претставници на НПМ и граѓанските организации од регионот.

[12] Претставникот на СЕ својот придонес на настанот го даде преку онлајн обраќање.

Во однос на регионот на Југоисточна Европа, забележливо е дека сите земји ја имаат ратификувано ОПКАТ и повеќето земји имаат воспоставено функционални НПМ[13]. Во една од земјите со свои претставници на работилницата, институцијата Народен правобранител применува модел „НПМ-плус", во кој мандатот е проширен и на други тела, пред сѐ избрани и акредитирани граѓански организации, кои биле поканети да соработуваат со институцијата Народен правобранител во исполнувањето на мандатот на НПМ.

Во однос на конкретните практики и пристапи за следење на третманот и условите  за притворање на затвореници ( за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, за време на сесијата беа споделени различни искуства. Некои НПМ коментираа дека моментално во нивните затворски системи има многу малку, или воопшто нема затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, иако претходно имало такви затвореници. Друг претставник на НПМ истакна дека тие немаат спроведено никаква конкретна активност поврзана со  затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, поради недостиг на ресурси, и дека истите биле опфатени во нивната методологија како ранливи затвореници. Во некои земји, НПМ постапувал само во давањето одговор  врз основа на поднесени приговори, или ограничениот институционален капацитет ја попречил нивната способност да го следат третманот и условите на затворениците насилни екстремисти, како посебна категорија затвореници. Меѓутоа, во една од земјите, НПМ врши непрекинат мониторинг на посебниот затвор со висок степен на обезбедување за лица осудени за организиран криминал и дела поврзани со тероризмот.

Беше прифатено дека иако со националното законодавство на НПМ им е доделен силен мандат за да се следи третманот на затворениците врз основа на ОПКАТ, набљудувачите од граѓанското општество имаат поограничен пристап до местата, притворениците и информациите во контекст на затворите со висок степен на безбедност поради тоа што имаат поограничени овластувања. Претставниците на граѓанските организации изјавија дека нивната работа зависи од индивидуалните договори (на пр., Меморандум за разбирање) со затворските власти, кои, генерално, не предвидуваат ненајавени посети, но може да вклучат пристап до поднесената документација за затворениците. Во контекст на мониторингот на затворите беше забележано дека релациите меѓу граѓанските организации и националните власти зависат и се под влијание на аспектите на безбедност и политичката сензитивност. Понатаму, мониторингот на состојбите во затворите од страна на граѓанските организации обично се спроведува врз основа на конкретни проекти, и оттука, тоа зависи од тоа дали има доволно финансиски средства за имплементација. И покрај тоа, активностите за мониторинг на граѓанските организации се смета дека даваат важен придонес во севкупните заложби за следење на состојбата во затворите.

Независно од посебниот мандат, претставниците на НПМ и граѓанските организации сепак ја истакнаа важноста од градењето доверба и кај затворениците и кај затворските власти при спроведувањето на нивните активности за следење на состојбите во затворите.

[13] Непосредно пред регионалната работилница во септември 2023 година, парламентот на Босна и Херцеговина усвои закон со кој Правобранителот за човекови права беше назначен како НПМ во оваа земја. Следен важен чекор кон целосно функционален НПМ е мандатот да се спроведе во пракса.

Од поширока меѓународна перспектива, беа споделени и искуствата на ППТ и КПТ во врска со мерките за борба против тероризмот, коишто може негативно да влијаат на правата на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти. Меѓу останатите аспекти, тука спаѓа и посебното распоредување по затворите како и поврзаните ограничувања на правата. Мониторингот на затворениците во затворски услови со висок степен на обезбедување, каде што се чуваат затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, е од клучно значење за спречување на повредата на човековите права, како што се пролонгиран престој во самица, што може да доведе до тортура и друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување. Исто така, беше истакнато дека набљудувачите на состојбите во затворите треба да ги разгледаат и потенцијалните ризици од одмазда, со кои може да се соочат интервјуираните затвореници, од страна на другите затвореници или затворскиот персонал. Тоа може дополнително да се влоши во контекст на затворениците кои биле етикетирани или класифицирани како „радикализирани“ или терористи од страна на затворската управа или судовите. Важноста да се избегне стигматизирање на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, при спроведување на активностите за мониторинг, беше повторно нагласена во презентацијата на западноевропскиот НПМ. Понатамошните предизвици поврзани со мониторингот, кои може да се идентификуваат во многу земји низ регионот на ОБСЕ и пошироко, се однесуваат на потребата да се обезбеди пристап и да се следат класифицираните и разузнавачките досиеја за затворениците и да им се пристапи на затворениците кои не знаат дека се класифицирани како „радикализирани“.

## Сесија 5: Предизвици и добри практики во мониторингот на заштитата на човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа

Петтата сесија беше втората од двете главни интерактивни сесии за работа по групи на работилницата. По кус преглед на темата од страна на воведничарот, учесниците се поделија по групи, кои се осврнаа на практичните предизвици со кои се соочуваат набљудувачите на состојбите во затворите во Југоисточна Европа и на добрите практики во решавањето на ваквите предизвици. Од овие дискусии произлегоа неколку главни теми.

*Пристап до затворските установи и непречени доверливи интервјуа со затворениците и персоналот*

Според некои учесници, НПМ генерално не се соочуваат со бариери во пристапот до затворските установи (и до сите нивни делови) или во спроведувањето доверливи интервјуа со затвореници (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти и со затворскиот персонал. Меѓутоа, беше кажано дека ограничувањата на НПМ во однос на човечките и финансиските ресурси, влијаат врз опсегот на активностите за мониторинг, што ги преземаат неколку НПМ во регионот. НПМ од една од земјите нагласи дека во годишните извештаи од последните години постојано се искажува загриженост за недоволните ресурси што им се ставени на располагање. Исто така, било истакнато дека многу мал број од затворениците одбиле да разговараат со претставниците на НПМ. Сепак, неколку претставници на НПМ забележаа дека е неопходно да се изгради доверба кај

затворениците, за да тие бидат перципирани дека постапуваат независно и транспарентно. Во оваа насока, беше оценето дека е неопходно да се управува со очекувањата на затворениците, во однос на тоа што може да направи НПМ за личните околности на затворениците. Иако ниту еден претставник на НПМ или граѓанска организација не изрази конкретна загриженост за одмазда врз затворениците поради нивните активности за следење на состојбите во затворите, неколку учесници сугерираа дека набљудувачите треба да развијат формални политики во врска со одмаздата. Дополнително беше наведено дека набљудувачите на состојбите во затворите мора да бидат претпазливи за да не ги издвојат затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, со цел да се избегне нивна потенцијална стигматизација од страна на другите затвореници.

*Пристап до пишани информации во врска со лишувањето од слобода и достапноста на општи информации*

Иако НПМ изнесоа неколку проблеми во врска со пристапот до информации, граѓанските организации имаат значително послаб пристап до пишани информации. Во дискусиите, ниту еден НПМ не изнесе дека наишле на бариери во пристапот до поопшти информации, како што се списоците на затворите. Сепак, неколку учесници спомнаа дека предизвик е да врши мониторинг на таканаречените „скриени“ или класифицирани информации. Повеќето набљудувачи на состојбите во затворите, особено од граѓанските организации, наведоа дека се бореле да пристапат до разузнавачките досиеја, кои се однесуваат на класификацијата и проценката на ризикот и потребите на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти. Од еден НПМ беше истакнато дека иако во минатото од затворските власти првично бил оневозможен пристапот до доверливите информации, тоа било решено откако механизмот се повикал на својот мандат предвиден во законодавството на земјата според ОПКАТ.

*Ниво на соработка со властите и разбирање на важноста на независниот мониторинг во затворите*

Од страна на некои претставници на НПМ беше кажано дека соработката со затворските власти генерално се смета за позитивна. Спротивно на тоа, еден претставник на НПМ коментираше дека соработката со националните органи за спроведување на законот понекогаш е проблематична. Во оваа насока беше потенцирано дека треба да се гради доверба кај властите со текот на времето. Покрај тоа, беше забележано дека иако сите набљудувачи даваат насочени препораки, затворските власти не секогаш доволно ги земаат предвид. Во одредени случаи, набљудувачите на состојбите во затворите постојано ја давале истата препорака, без притоа да бидат преземени последователни активности од страна на затворските власти. Како дополнителен предизвик беше истакната ограничената достапност на ресурси на НПМ, за да се следи спроведувањето на препораките.

*Улогата на граѓанското општество во мониторингот на затворите*

Преку групната дискусија се покажа дека пристапот на граѓанските организации до затворите вообичаено се заснова на конкретни временски ограничени договори за проекти, во кои се одредува типот на пристап до затворските установи, до затворениците и до

персоналот, како и до пишаните информации. Во споредба со НПМ, нивните овластувања за пристап се значително поограничени. Според тоа, пристапот на граѓанските организации до затворските установи генерално однапред се најавува. Без оглед на конкретните предизвици, генерално се смета дека граѓанските организации имаат суштинска улога во однос на мониторингот на условите на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти во затворите, што придонесува за напорите на НПМ и нивниот повик упатен до затворските власти да ги штитат правата на затворениците. За време на сесијата беше повторено дека НПМ треба директно да ги вклучат граѓанските организации во нивните превентивни активности за мониторинг, како што е тоа пример во некои земји од регионот.

*Информирање на јавноста и перцепции на јавноста за заштитата на човековите права при сузбивање на тероризмот и спречување на НЕРВТ*

Од страна на учесниците не беа истакнати конкретни ограничувања во однос на информирањето на јавноста. НПМ од регионот рутински издаваат низа на различни јавни извештаи (како што се годишни, тематски извештаи и извештаи од посети) и раководат со односите со медиумите и пошироката јавност. Претставниците на граѓанските организации споменаа дека и тие подеднакво имаат слобода во објавувањето на наодите од нивните активности за мониторинг.

Меѓутоа, претставникот на НПМ од една земја изјави дека фокусот на институцијата на правата на затворениците насилни екстремисти, и објавувањето на неколкуте извештаи за затворите со висок степен на обезбедување, предизвикале малку емпатија кај јавноста. Во неколку други земји, исто така, јавноста покажала наводно малку симпатии за целокупната ситуација на таквите затвореници, дури и непријателски став. Тоа создава предизвици за НПМ, кои тие мораат да ги земат предвид во својата работа.

**Сесија 6: Препораки за зајакнување на независниот мониторинг на затворите за заштита на човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа**

Од последната сесија произлегоа голем број препораки насочени кон зајакнување на независниот мониторинг во затворите за заштита на човековите права, при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа. Особено беше препорачано холистички да се пристапи кон решавање на проблемот, со опфаќање на сите нивоа на системот на кривичната правда пред, за време и по издржувањето на казната затвор, како и врз основа на ревидирање на правната рамка и на политиките за борба против тероризмот[14].

---

[14] За прегледите на ОДИХР за законите за борба против тероризмот и политиките во поширок контекст, види: ОДИХР, Белешка за предложеното ревидирање на дефиницијата за дела на тероризам во член 1 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување тероризам, 2023, https://legislationline.org/taxonomy/term/25663, и Белешка за Шангајската конвенција за борба против тероризмот, сепаратаизмот и екстремизмот, 2020, https://legislationline.org/sites/default/files/documents/cf/382_TERR_BiH_21Sept2020_en.pdf. Сите правни

Овие препораки се вклучени во консолидираната листа на препораки што произлегоа од различните сесии на работилницата, како што е наведено подолу. По оваа сесија, регионалната работилница беше затворена со извлечени заклучоци и завршно обраќање од страна на организаторите.

## III. Заклучоци и Клучни Препораки

**За земјите-членки на ОБСЕ во Југоисточна Европа:**

- Државите треба да ја препознаат суштинската улога што ја имаат независните набљудувачи на состојбите во затворите за заштитата на човековите права на затворениците, при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите. Тие треба да ги зајакнат националните рамки за човековите права, за да се унапреди ефикасното и независното следење на состојбите во затворите. Со оглед дека сите земји-членки на ОБСЕ во Југоисточна Европа го имаат ратификувано ОПКАТ и имаат назначено НПМ, треба да се погрижат тие да бидат независни, оперативни и да располагаат со соодветни ресурси, за да им се овозможи целосно да го извршуваат својот мандат.

- Конкретно, државите треба да им овозможат пристап на НПМ до сите пишани информации, кои се однесуваат на третманот на лицата лишени од слобода, вклучително и на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти и нивните услови во затворот, вклучувајќи ги и документите дефинирани како класифицирани, во согласност со меѓународните обврски[15].

- Државите, исто така, треба да го препознаат важниот придонес на граѓанското општество во мониторингот на усогласеноста на државите со човековите права во местата за притвор. Државите треба да создадат опкружување што ќе му овозможи на граѓанското општество слободно да работи, како и да ја олеснат работата на независните набљудувачи од граѓанското општество, вклучително и преку обезбедување пристап до местата на притвор и  до информациите.

- Државите треба да обезбедат дека затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти  не се изложени на затворски режим и мерки на безбедност со кои се прекршуваат меѓународните стандарди за човекови права, особено пролонгиран престој во самица.  Исто така, треба да се воздржат од изрекување затворски режим и  мерки на безбедност со коишто би можело да се нарушат изгледите за успешна рехабилитација и реинтеграција на тие затвореници. Затворскиот режим и  мерките на безбедност кои вклучуваат ограничувања на

---

прегледи на ОДИХР за борба против тероризмот и насилниот екстремизам се достапни на: https://legislationline.org/legal-reviews.

[15] Види член 20(б), Генерално Собрание на ООН, Факултативен протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување, A/RES/57/199, 9 јануари 2003, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/optional-protocol-convention-against-torture-and-other-cruel.

правата, може да им бидат изречени на затворениците само врз основа на резултати од објективна проценка на ризик во согласност со човековите права, и истите треба да се спроведат што е можно поскоро по приемот на поединечни затвореници, но и редовно да се ревидираат и ажурираат преку партиципативен процес.

- Државите треба да обезбедат правични и соодветни услови за вработување на затворскиот персонал за да ги извршуваат своите должности. Особено во контекст на НЕРВТ, државите треба да обезбедат дека платите, статусот и работните услови на затворскиот персонал ги отсликуваат предизвиците во нивните работни задачи. Затворскиот персонал, каде што е тоа релевантно, треба да биде соодветно обучен за прашањата поврзани со НЕРВТ, вклучително и за предизвиците поврзани со човековите права, кога се користат индикаторите за идентификување на затвореници „ранливи“ на НЕРВТ, проценките на ризикот и потребите, како и реинтеграцијата и рехабилитацијата на затворениците.

- Бидејќи повеќето затвореници кои се осудени за дела на насилен екстремизам или тероризам конечно ќе се вратат во општеството, државите треба да вложат значително поголеми ресурси за рехабилитацијата и реинтеграцијата на тие затвореници и да обезбедат дека насочените интервенции и активности се во согласност со човековите права, како и да бидат соодветни на родот и возраста. Исто така, за тие затвореници, треба да се подготвуваат програми за одвраќање од насилство и истите да ги интегрираат во програмите што се спроведуваат пред и по нивното ослободување, и да го земат предвид и заеднички ангажман со релевантните општествени чинители при спроведувањето на програмите.

- Државите треба да воспостават и/или дополнително да го развиваат капацитетот на пробациските служби за работа со затвореници кои се осудени за дела поврзани со тероризам и насилен екстремизам. Кога тоа е соодветно, треба да ја разгледаат примената на програми за предвремено ослободување на тие затвореници и административниот надзор откако ќе бидат пуштени на слобода да биде целосно во согласност со човековите права.

- Државите треба да подготват, кога тоа се смета за соодветно, прилагодени алтернативни мерки на затворската казна за вратени „странски терористички борци“ и да обезбедат неопходна поддршка за рехабилитација и реинтеграција на членовите на нивните семејства, особено жените и децата.

- Државите треба да го усогласат националното законодавство за борба против тероризмот со меѓународното право, вклучително и со меѓународното право за човекови права, меѓународното хуманитарно право и меѓународното право за бегалци. За таа цел, тие треба да побараат помош во врска со законите од ОДИХР и да ги побараат и користат прегледите направени од страна на ОДИХР, за да направат анализа од аспект на усогласеноста на предлог-законите и постоечките закони

поврзани со тероризмот, и усогласеноста на националните стратегии и акциски планови за спречување и спротивставување на НЕРВТ со човековите права[16].

**За телата за мониторинг на состојбите во затворите и актерите од граѓанското општество во Југоисточна Европа:**

- При извршувањето на мандатите и спроведувањето на активностите, телата за мониторинг на затворите и актерите од граѓанското општество треба внимателно да ги разгледаат импликациите од мерките за спречување и борба против НЕРВТ во затворите врз човековите права, вклучително и во врска со примената на проценките на ризик, безбедносните ограничувања и пристапот на затворениците до мерките за рехабилитација и реинтеграција.
- НИЧП, НПМ и набљудувачите од граѓанските организации треба внимателно да го следат и документираат напредокот на државата во спроведувањето на нивните препораки. За таа цел, треба да им се доделат потребните ресурси.
- Бидејќи граѓанските организации играат важна улога во мониторингот на затворите во врска со третманот и условите за затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, НПМ се охрабруваат, доколку тоа веќе не го сториле, да ги вклучат граѓанските организации во нивните активности за мониторинг.
- Телата за мониторинг на затворите и актерите од граѓанското општество треба да продолжат да се залагаат за зајакнување на независни НПМ во регионот, кои имаат соодветни ресурси на располагање и ефективно функционираат.
- При извршувањето на работата, телата за мониторинг на затворите и актерите од граѓанското општество треба да бидат претпазливи да се обезбеди дека затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти не се подложени на одмазда од страна на затворската управа или други затвореници. Во таа насока, тие треба да избегнуваат стигматизација на затворениците, вклучително и на затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти, како резултат на нивните активности за мониторинг на состојбите.
- Телата за мониторинг на состојбите во затворите треба особено да размислат за креирање и спроведување на политики во врска со одмаздите, од аспект на нивниот мандат за посети. Притоа, тие треба да ги разгледаат соодветните препораки дадени од страна на договорните тела на ООН, како што е ППТ на ООН[17].

---

[16] За законодавна помош од ОДИХР, види: https://www.osce.org/odihr/407447.
[17] На пример, види: ППТ на ООН, Политика на Поткомитетот за спречување на тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување за одмаздата во врска со мандатот за вршење посети UN Doc. CAT/OP/6/Rev.1, 31 мај 2016, https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CAT/OP/6/Rev.1&Lang=en.

- Согласно на доделените мандати, НИЧП, НПМ и набљудувачите од граѓанскиот сектор во регионот треба активно да даваат оценки и да поднесуваат предлози и забелешки во врска со законодавството, вклучително и за законите за борба против тероризмот, како и во врска со националните стратегии и акциските планови за спречување на НЕРВТ.

**За ОДИХР:**

- ОДИХР треба да подготвува и да ги унапреди материјалите за обука засновани на *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите* и да организира активности за обука. Овие активности треба да вклучуваат регионални обуки за набљудувачите на состојбите во затворите од Југоисточна Европа за да се олесни размената на информации помеѓу земјите од регионот и пошироко за практиките, методологиите и искуствата од мониторингот на состојбите во затворите, и во врска со третманот на затворениците и условите за притвор во контекст на спречување и спротивставување на НЕРВТ .
- ОДИХР треба да продолжи да соработува со други меѓународни организации и механизми за човекови права за да се поддржи ефективното функционирање на независните НПМ и НИЧП во регионот.
- ОДИХР треба да земе предвид да се преведе *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите* и на други јазици, и истиот да стане подостапен за релевантните чинители низ регионот на Југоисточна Европа.
- ОДИХР треба да ја земе предвид подготовката на дополнителни практични алатки за набљудувачите на состојбите во затворите врз основа на *Водичот на ОДИХР/МКР за набљудувачите на состојбите во затворите*, како што се практични џебни изданија со кратки совети и водичи.

**Анекс: Агенда**

## Мониторинг на затворите и заштита на човековите права при спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам (НЕРВТ) во затворите

***Регионална работилница за Југоисточна Европа***

**13-14 септември 2023**

**Сараево, Босна и Херцеговина**

**Преглед на агендата**

| **Ден 1** | |
|---|---|
| **9:00-9:30** | ***Пристигнување и регистрација*** |
| **9:30-9:45** | **Отворање на работилницата и поздравно обраќање** |
| **9:45-10:15** | **Сесија 1: Поставување на теренот - Зошто независниот мониторинг на затворите е важен за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите?**<br>• Вовед, намена и цели на работилницата.<br>Презентација на Водичот за мониторинг во затворите на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и Меѓународната казнена реформа (МКР) и на поврзаните активности.<br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br>*Говорници:* Претставници на МКР и ОДИХР<br>*Прашања и одговори, коментари и согледувања* |
| **10:15-11:00** | **Сесија 2: Практики и пристапи - Спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите**<br>• Преглед на меѓународни, регионални и национални иницијативи и пристапи за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите.<br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br>*Говорници:* |

| | |
|---|---|
| | - Претставници на Одделот за транснационални закани на Секретаријатот на ОБСЕ, Единицата за акција против тероризмот (ОТЗ/ЕАТ), Канцеларијата на ООН за дрога и криминал (УНОДК) и на Мрежата за спречување на насилство. |
| *11:00-11:20* | *Пауза за кафе* |
| **11:20-12:45** | **Сесија 2: Продолжение**<br>• Преглед на меѓународни, регионални и национални иницијативи и пристапи за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите.<br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br>*Говорници:*<br>- Претставници на ОБСЕ во Албанија, на Универзитетот во Белград (Србија), Македонското пенолошко друштво (Северна Македонија) и на Министерството за безбедност на Босна и Херцеговина.<br>*Прашања и одговори и отворена дебата* |
| *12:45-14:00* | *Пауза за ручек* |
| **14:00-15:00** | **Сесија 3: Главни предизвици за човековите права во спречувањето и спротивставувањето на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа**<br>• Преглед на главните предизвици за човековите права, вклучително и во однос на класификацијата, ризиците и проценките на потребите; затворските режими и мерките за безбедност, како и на мерките за рехабилитација и интеграција на затворениците ( за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти.<br>• Дискусија за главните предизвици за човековите права во спречувањето/спротивставувањето на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа (работа во групи)<br>*Модератор:* Претставник на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина<br>*Воведничар:* Консултант на ОДИХР за мониторинг во затворите/контратероризам<br>*Проследено со дискусија по групи* |
| *15:00-15:20* | *Пауза за кафе* |
| **15:20-16:20** | **Сесија 3: Продолжение**<br>• Известување од страна на Проценките известувачите на работните групи на пленарна сесија.<br>• Прашања и одговори и отворена дебата.<br>*Модератор:* Претставник на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина |
| **16:20-16:50** | **Сесија 4: Мандат, практики и пристапи за мониторинг во затворите (прв дел)**<br>• Преглед и осврт на меѓународните и националните мандати за мониторинг во затворите, модели, практики и пристапи релевантни за заштитата на |

| | |
|---|---|
| | човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа.<br><br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br><br>*Говорник:*<br>- Претставници на Поткомитетот на ООН за превенција од тортура (ППТ) и на Европскиот комитет за спречување на тортура (КПТ) (онлајн презентација).<br><br>*Презентација на меѓународните мандати за мониторинг, практики и искуства за проценка на импликациите на мерките за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите, врз човековите права.*<br><br>*Прашања и одговори* |
| **16:50-17:00** | **Крај на првиот ден** |
| од 17:15 | *Мал прием за сите учесници на работилницата* |

| **Ден 2** | |
|---|---|
| **9:15-9:40** | **Вовед во вториот ден**<br><br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br><br>*Говорник:* Претставник на Советот на Европа (онлајн презентација)<br><br>*Прашања и одговори* |
| **9:40-10:40** | **Сесија 4: Мандат, практики и пристапи за мониторинг во затворите (втор дел)**<br><br>• Преглед и осврт на меѓународните и националните мандати, модели, практики и пристапи за мониторинг на затворите, релевантни за Југоисточна Европа. Искуства и научени лекции при мониторингот на условите во затворите, импликации врз човековите права од проценките на ризикот и потребите поврзани со НЕРВТ, како и затворските режими и мерките за безбедност за затворениците (за кои постои сомневање дека се) насилни екстремисти.<br><br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br><br>*Меѓународен експерт за мониторинг во затворите:*<br>- Претставник на францускиот НПМ<br><br>*Говорници:*<br>- Претставници на Народниот правобранител на Црна Гора, Заштитник на човековите права и слободи и НПМ на Србија и на Правобранителот за следење на остварувањето на правата на лицата лишени од слобода на Босна и Херцеговина.<br><br>*Прашања и одговори и отворена дебата* |

| | |
|---|---|
| *10:40-11:00* | *Пауза за кафе* |
| **11:00-11:45** | **Сесија 4: Продолжение**<br>• Преглед и осврт на меѓународните и националните мандати, модели, практики и пристапи за мониторинг во затворите, релевантни за Југоисточна Европа<br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР<br>*Говорници:*<br>- Претставник на невладината организација Институт за активизам и општествени промени (Албанија) и на Хелсиншкиот комитет за човекови права (Северна Македонија)<br>*Прашања и одговори и отворена дебата* |
| **11:45-12:45** | **Сесија 5: Предизвици и добри практики во мониторингот на заштитата на човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа**<br>• Размена на искуства и ставови за практичните предизвици со кои се соочуваат набљудувачите на состојбите во затворите при проценката на импликациите врз човековите права на практиките и политиките за спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите, решавање на предизвиците и постоечки добри практики.<br>*Модератор*: Претставник на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина<br>*Воведничар:* Консултант на ОДИХР за мониторинг на затворите/контратероризам<br>*Проследено со дискусија по групи* |
| *12:45-14:00* | *Пауза за ручек* |
| **14:00-15:15** | **Сесија 5: Продолжение**<br>• Известување од страна на известувачите на работните групи на пленарна сесија<br>• Прашања и одговори и отворена дебата<br>*Модератор:* Претставник на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина |
| *15:15-15:45* | *Пауза за кафе* |
| **15:45-16:30** | **Сесија 6: Препораки за зајакнување на независниот мониторинг на затворите за заштита на човековите права при спречување и спротивставување на НЕРВТ во затворите во Југоисточна Европа**<br>• Отворена дебата за идентификација на препораките до земјите-членки на ОБСЕ, ОБСЕ и другите меѓународни актери, како и до набљудувачите на состојбите во затворите и граѓанското општество.<br>*Модератор:* Претставник на ОДИХР |
| **16:30-16:45** | **Заклучоци и крај** |